ПРЕДЛОГ-ЧАСОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СОДРЖИНИТЕ ОД ПОДРАЧЈЕТО

# МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ И МЕДИУМСКА КУЛТУРА

ВО II ОДДЕЛЕНИЕ



II ОДДЕЛЕНИЕ

# МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ И МЕДИУМСКА КУЛТУРА



**МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ И МЕДИУМСКА КУЛТУРА ВО ОДДЕЛЕНСКАТА НАСТАВА**

**- Прирачник за наставници за II одделение -**

**Издавачи:** Македонски институт за медиуми
Ул. „Јуриј Гагарин“, 17/1-1
1000 Скопје

Биро за развој на образованието
У. „Руѓер Бошковиќ“, бр. 20
1000 Скопје

**Уредници:** Митко Чешларов
Ајше Ајрулаи

**Автори:** Михајло Лахтов
Марина Димитриева-Ѓорѓиевска
Оливера Тодороска
Митко Чешларов
Ајше Ајрулаи

**Стручна редакција:** Михајло Лахтов
Весна Никодиноска

**Лектура:** Виолета Караџовска-Стојанова

**Дизајн и техничка обработка:** Кома дизајн

Прирачникот е изработен во рамките на Проектот на УСАИД за медиумска писменост „Младите размислуваат“ што го спроведуваат ИРЕКС и локалните партнери Македонскиот институт за медиуми, Институтот за комуникациски студии и Младинскиот образовен форум, а во соработка со Бирото за развој на образованието и Министерството за образование и наука.

Поддршката за подготовка на прирачникот е обезбедена од американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Содржината на прирачникот е одговорност на ИРЕКС и на Македонскиот институт за медиуми (МИМ) и не ги изразува ставовите на УСАИД или на Владата на Соединетите Американски Држави.

USAID ОД АМЕРИКАНСКИОТ НАРОД

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for Development of Education

МАКЕДОНСКИ ИНСТИТУТ ЗА МЕДИУМИ

IREX



# Вовед

Денес, во време на „новата медиумска реалност“, кога младите секојдневно се изложени на огромен број информации, преку традиционалните, а особено преку дигиталните медиумски платформи и технологии, неопходно е преку образованието, во училиштето, тие да стекнат знаења и вештини за критичко преиспитување на медиумските содржини. Потребно е учениците да можат да го разграничат „главното и споредното“ во сè што читаат, слушаат или гледаат, да ги препознаат елементите на пропагандата или скриените рекламни пораки, да го препознаат имплицитниот и експлицитниот говор на омраза. Преку наставата, учениците треба да се оспособат за ефективно користење на информациите и на медиумските содржини и платформи, а преку нивното активно учество на различните социјални медиуми, се очекува да дејствуваат одговорно и критички да ѝ пристапуваат на содржината што ја „создаваат“.

Во таа насока се воведува образование за медиумска писменост во новите наставни програми со одредени резултати од учење, содржини, стандарди за оценување и примери на активности, со чие постигнување и реализација учениците поодговорно ќе им пристапуваат на медиумите, ќе ги анализираат пораките и ќе ги евалуираат информациите до кои доаѓаат, ќе ги користат информациите што ги добиваат преку медиумите и самите ќе креираат медиумски пораки на безбеден и на одговорен начин.



Во наставните програми од прво до петто одделение на основното образование, изучувањето на медиумската писменост е интегрирано во голем број содржини и активности низ различни наставни предмети. Така, во рамките на наставната програма по предметите Македонски јазик, Албански јазик, Турски јазик, Српски јазик и Босански јазик е развиено одделно подрачје насловено *Медиумска писменост и медиумска култура.*

За успешно постигнување на резултатите од учењето утврдени во ова подрачје од наставната програма, потребно е да се реализираат квалитетни и креативни активности на часовите, преку кои учениците искуствено ќе „се описменуваат“ и ќе учат за медиумите и за нивната улога.

Прирачникот за наставници што реализираат настава по предметите Македонски јазик, Албански јазик, Турски јазик, Српски јазик и Босански јазик ќе им помогне на одделенските наставници при планирањето и реализирањето на часовите на кои се разработуваат содржините за медиумска писменост и за медиумска култура. Прирачникот е подготвен за да им биде поддршка и инспирација во работата на наставниците за реализирање успешна и креативна настава.

Секој пример за реализација на активности на часовите се однесува на одредена содржина поврзана со соодветните стандарди за оценување од наставната програма што треба да се постигнат преку активностите на часот. Исто така, наведени се и потребната опрема и средствата за изведувањето на активностите за време на часот.

Примерите на часови се развиени преку активности за воведниот, за главниот и за завршниот дел на часот. Целта на воведните активности е да ги активираат предзнаењата на учениците и да ги воведат во содржината. Најчесто се конципирани преку куси истражувања или водење дискусии за да се објаснат или да се „насетат“ поимите што ќе се разработуваат на часот. Во делот што се однесува на активностите од главниот дел на часот, даден е детален опис на активноста/активностите преку која/кои учениците ќе истражуваат и притоа искуствено ќе учат, како и предлог за начинот на организација на работата на учениците во групи или во парови. Главните активности за часовите во прирачникот нудат широк дијапазон на идеи за учење и за креативно дејствување. Завршните активности, пак, се насочени кон изведувањето заклучоци преку спроведени дискусии. Последниот дел од примерите за часовите е рефлексијата во која се понудени прашања за тоа што научиле учениците, резимирање и поврзување на наученото со нивниот секојдневен живот.

Наставниците може да ги користат примерите за реализација на часовите за медиумска писменост од прирачникот како идеја за активности преку кои ќе се постигнат стандардите за оценување при реализација на горенаведените содржини од наставната програма на македонски јазик, албански јазик, турски јазик, српски јазик и на босански јазик. Активностите може да се преземат онака како што се дадени, може да се приспособат или да се изменат, односно да се модифицираат во согласност со идеите на наставникот, потребите и интересите на учениците и нивното напредување во процесот на учење, расположливите средства за работа, условите во училиштето и сл. Тие претставуваат примери за креативно и за искуствено учење за медиумската писменост според новите наставни програми. Врз основа на овие примери, наставниците лесно може да развијат сценарија за реализација на часовите, во зависност од средината и од условите во кои ја реализираат наставата. Дополнително, интегрираната настава овозможува некои од стандардите и активностите за нивно постигнување, да се поврзат и со слични или со сродни содржини опфатени во други предмети.

Се очекува овој прирачник освен што ќе биде поддршка за наставниците при планирањето и реализирањето на наставата, воедно да биде и поттик за уште поголема креативност, мотивираност и ентузијазам во работата.

## Упатство за наставникот/наставничката за користење на Прирачникот за медиумска писменост за II одделение

Повеќе информации за новите термини и клучни концепти наставникот ќе може да прочита во Поимникот од областа на медиумската писменост, што е дел од овој прирачник. На овој начин, наставникот ќе може да ги приспособи содржините според возраста на учениците и полесно да им ги пренесе со цел тие да ги разберат.

## II ОДДЕЛЕНИЕ

# МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ И МЕДИУМСКА КУЛТУРА

Според наставната програма по предметот Македонски јазик за второ одделение, во подрачјето Медиумска писменост и медиумска култура се изучуваат следните:

### Содржини (и поими)

- Видови медиуми (печатени медиуми, електронски медиуми (ТВ и радио), интернет-медиуми)
- Видови медиумски пораки (известување, упатство, реклама)
- Толкување и користење медиумски содржини
- Креирање медиумски пораки и содржини

На крајот на учебната година, за ова подрачје учениците треба да ги постигнат следните:



### Резултати од учењето

**Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна:**

1. разликува и наведува различни видови медиуми;
2. ги разбира медиумските пораки и прави разлика меѓу известување, рекламирање и давање упатства;
3. идентификува и толкува информации и пораки во текстуални, сликовни и дигитални медиумски содржини за известување, за давање упатство и за рекламирање;
4. креира куси медиумски пораки за известување, за давање упатство и за рекламирање.

# Поимник од областа на медиумската писменост[1]

**Медиуми** ↘ Основни средства за масовна комуникација преку кои се пренесуваат пораки и содржини, како што се интернетот, радиото, телевизијата и печатот. Зборот потекнува од латинскиот збор *medium*, што означува нешто во средина, и се однесува на посредникот преку кој се пренесува информацијата од испраќачот до примачот.

**Реклама** ↘ Јавно претставување производ, услуга или дејност, при што се истакнуваат својствата на рекламираниот производ за да се привлече вниманието на потрошувачите кон него и за да се поттикне неговото набавување/купување. Претставувањето може да биде во вид слика и текст, во видео или во аудиоформа.

**Медиумска порака** ↘Медиумските пораки се содржини/информации што се пренесуваат преку медиумски канали, од испраќачот до примачот.

**Емотикон** ↘ Типографски приказ на фацијална експресија преку употреба на букви, броеви и интерпункциски знаци за да се претстави некое чувство (на пример, среќа преку насмевка, тага преку намуртеност, љубов преку срце).

**Гиф** ↘( Graphics Interchange Format) Графички формат за размена на слики на интернет во времетраење од 5 до 10 секунди. Гифовите се најчесто анимирани слики, а се користат за споделување шеги и емоции.

**Мим/меме** ↘Интересна и најчесто забавна фотографија, цртеж или кусо видео во комбинација со текст, што се шири брзо меѓу интернет-корисниците.



1 Повеќе термини вклучени во овој Поимник се усогласени со Речникот на медиумската писменост што го подготви Институтот за комуникациски студии (2023), како и со „Прирачникот за обучувачи за медиумска писменост: Учиме да распознаваме" подготвен во рамките на Проектот на УСАИД за медиумска писменост „Младите размислуваат".
Поимникот е наменет за наставниците, а објаснувањето и дефинирањето на поимите не треба да биде дел од наставата со учениците во одделенската настава.

ПРЕДЛОГ-ЧАСОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА
НА СОДРЖИНИТЕ ОД ПОДРАЧЈЕТО

# МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ И МЕДИУМСКА КУЛТУРА

ВО II ОДДЕЛЕНИЕ



# ВИДОВИ МЕДИУМИ

(1 час)



Час 1

*Видови медиуми и медиумски пораки*

**Стандард за оценување**

Ученикот/ученичката:

- ги наведува изворите на медиумски пораки и содржини (списание, радио, телевизија, билборд, плакат, леток, интернет-медиуми, мобилен телефон).

**Ресурси за часот:**

- списанија;
- плакат;
- леток;
- фотографии/илустрации;
- уреди (во зависност од опременоста на училиштето – радиоприемник, телевизор, компјутер, билборд, паметна табла).

# Воведен дел од часот

1 **Активност**

*Што се медиумски пораки (реализација 10 минути)*

За воведување во темата, наставникот поттикнува дискусија со учениците преку поставување неколку прашања, како на пример:

- Како дознавате за некој настан, некоја вест или за некоја информација што ве интересира? На пример, како дознавте дека вечер македонската фудбалска репрезентација игра важен натпревар?
- Како се информирате во колку часот почнува наставата на први септември во нашето училиште?
- Како дознавате кога има нова претстава за деца?
- По што се разликуваат информациите што стигнуваат до нас од различни извори (ТВ, радио, списание, онлајн медиум)?

По дадените одговори на учениците, наставникот заклучува дека информациите и содржините се пренесуваат до публиката преку симболи, слики, текстови, звук, музика и се нарекуваат медиумски пораки.

# Главен дел од часот

1 **Активност**

*Видови медиуми (реализација 20 минути)*

Наставникот презентира примери на различни медиуми (списание, радио, телевизија, интернет-медиуми, билборд, плакат, леток), а учениците треба да утврдат за какви видови медиуми станува збор.

Потоа, наставникот поставува насочувачки прашања по кои учениците дискутираат:

- На кој начин/преку која форма може да се пренесуваат содржините во посочените медиуми?
- Како се пренесуваат содржините во списанијата и во книгите? А, како на радио и на ТВ?

- Во каква форма може да се пренесуваат содржините преку интернет?
- Дали може да посочите други примери на медиуми?

Учениците заедно со наставникот заклучуваат дека медиумските пораки, содржини и информации се пренесуваат преку медиумите. Наставникот резимира дека постојат печатени, визуелни и интернет-медиуми и дека тие пренесуваат содржини преку текст, фотографија, слики, звук, видео и други визуелни содржини. Сите тие претставуваат извори на информации.

## Завршен дел од часот

**1 Активност**

*Сè е порака (реализација 10 минути)*

Наставникот преку визуелна презентација им покажува на учениците содржини од/со различни видови медиумски пораки (текст, слика, видео и звук) наменети за различни медиуми (списание, радио, телевизија, билборд, плакат, леток, интернет).

Потоа, учениците, поделени во групи, добиваат задача да определат во кои медиуми може да се најдат презентираните содржини/примери и објаснуваат зошто мислат така (на пример, приказните што може да се прочитаат во книгите и во сликовниците, може да бидат претставени во филмови како екранизирани верзии, но и да се гледаат, да се читаат или да се слушаат на интернет; музика може да се слуша на радио, но и на интернет и на мобилен телефон; реклами можат да видат во весник, на телевизија, но и на излозите од продавниците).

**Рефлексија**

- Што работевме на денешниот час?
- Што ви беше најинтересно?
- Што научивме?
- Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?

# ВИДОВИ МЕДИУМСКИ ПОРАКИ – ИЗВЕСТУВАЊЕ, УПАТСТВО, РЕКЛАМА

(2 часа)



## Час 1

# Медиумски пораки за известување, за давање упатство и за реклама

**Стандард за оценување**

Ученикот/ученичката:

- прави разлика меѓу медиумските пораки за известување, за давање упатство и за реклама;
- извлекува важна информација од различни видови медиумски пораки.

**Ресурси за часот:**

- наставен лист;
- картички изработени од картон во боја;
- компјутер и ЛЦД-проектор или паметна табла;
- весници;
- детски списанија;
- фломастери;
- хамер;
- ножици.

## Воведен дел од часот

**1 Активност**

*Видови медиумски пораки (реализација 10 минути)*

Наставникот го почнува часот со воведна дискусија преку следните прашања:

- Кога ќе купиме апарат за правење сладолед, каде може да прочитаме и да научиме како се ракува со него?
- Кога сакаме да одиме на концерт/кино или на некој спортски натпревар, каде може да се информираме кога и каде ќе се одржи настанот?
- Како се информираме која детска кинопретстава се прикажува овој викенд?
- На кој начин родителите се информираат кога ќе се одржи родителска средба во нашето училиште?
- Зошто се рекламираат детските играчки?

По дискусијата, наставникот и учениците заклучуваат дека кога сакаме да дознаеме информација за некој настан што треба да се случи, најчесто бараме дали има известување за него; кога треба да употребиме некаков производ за првпат, може да прочитаме во упатството како се користи; додека, пак, рекламите се содржини чија цел е да нè информираат и да нè убедат дека некој производ е добар или корисен.

## Главен дел од часот

**1 Активност**

*Анализа на медиумските пораки (реализација 25 минути)*

Наставникот има подготвено пано за пораки, кое е поделено на три дела: медиумски пораки за известување, пораки за давање упатство и за пораки – реклами. Тој на учениците, поделени во групи, им дава примери на куси медиумски пораки (Работен лист 1, без да им го определи видот на медиумската порака). За да го одредат видот на медиумска порака, учениците треба да ги извлечат важните информации од секоја порака. За таа цел, наставникот им поставува насочувачки прашања:

- Дали оваа порака има цел да пренесе некаква информација? За што информира пораката?
- Дали оваа порака дава насоки како нешто да се направи/како нешто работи/како се игра некоја игра?
- Дали оваа порака претставува (промовира) некаков производ или препорачува нешто да купиме?

Учениците дискутираат за разликите во содржината и за начинот на претставување на трите вида пораки. Поделени во групи, тие треба да ги анализираат пораките и да извлечат важни информации од секоја од нив, врз чија основа ќе ги категоризираат пораките според видот – известување, упатство и реклама. Потоа, по еден претставник од групата ја „закачува“ секоја порака на паното во делот за известување, упатство или реклами.

# Завршен дел од часот

## 1 Активност

*Главни карактеристики на различни медиумски пораки (реализација 5 минути)*

Учениците одговараат на прашања правејќи резиме на наставната содржина:

- Какви информации содржеа пораките што ги прочитавме/видовме?
- Од кои медиуми ги прочитавме/видовме пораките?
- Каков медиумски јазик е искористен за да се создадат пораките: за известување, за давање упатство и за реклама (симболи, бои, текст, звук, фотографија и сл.)?

Во овој дел од часот учениците се навраќаат на паното на почетокот на активноста и проверуваат дали ги ставиле картичките во точната категорија прикажана на паното. Заеднички заклучуваат кои се карактеристиките на медиумските пораки за известување, за давање упатство и за реклама.

## Рефлексија

- Што научивме на денешниот час?
- Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?

## Работен лист 1 – Картички за дискусија

### 1 Пример – Известување

Избираме најдобро украсено основно училиште![2]

Годинава тимот на Деца.мк одлучи да избере најдобро украсено основно училиште заедно со читателите.

Пратете ни фотографии, максимум 5, од холот на училиштето или од надворешните декорации. За секое училиште ќе објавиме посебен текст со фотографиите, па тоа што ќе има најмногу лајкови од читателите, ќе добие пакет производи од „Светот на Биби“ за да ја збогати својата училишна библиотека.

Фотографиите, информации за училиштето и телефон за контакт пратете ни на redakcija@fakulteti.mk.

### 2 Пример – Известување

Оперска претстава за деца „Работилницата на Дедо Мраз“ во МОБ[3]




2 Извор: Деца.мк, https://deca.mk/izbirame-najdobro-ukraseno-osnovno-uchilishte/

3 МОБ, https://tinyurl.com/4yp8sz3p

По повод претстојните празници, Македонската опера и балет подготвува специјална Новогодишна претстава за деца „Работилницата на Дедо Мраз".

Претставата ќе се одигра на Малата сцена во Македонската опера и балет, во вторник, 20 декември, со почеток во 18 часот, а цената на билетот изнесува 150 денари.

## 3 Пример – Известување

Драги ученици,

Во среда, 11.5.2025 година, учениците од прво до петто одделение ќе одат на еднодневен пролетен излет во Парк-шумата Гази Баба. Се тргнува во 8 часот, а враќањето е во 13 часот. Учениците да понесат храна и вода, како и реквизити за играње: топки, рекети за тенис, јаже за скокање и слично.

## 4 Пример – Упатство

Упатство за играње игра „Раскажување / Коцка на приказната"

1. Земете лист на кој е нацртана коцка.
2. Исечете го листот и составете ја фигурата коцка.
3. На секое поле од коцката залепете по една сликичка од работниот лист што ќе го сподели наставникот/наставничката, а се однесуваат на некоја приказна.
4. Измислете приказна поврзана со сликичките заедно со другарчето со кое седите.
5. Раскажете ја приказната со другарчето пред целото одделение.

## 5 Пример – Упатство

Упатство за изработка на маска за 1 април[4]

а. Исечете ја маската (ако користите шаблон)

б. нацртајте кругови за очите

в. исечете ги очите

4 Извор: „Верувајте во себе и играјте заедно", Смешни животински маски, https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2022/06/1.-face-vol.-1_ma.pdf, стр. 17.

**г.** обојте ја маската

**д.** декорирајте ја маската

**ѓ.** направете дупки за ластикот и врзете го ластикот

**е.** напишете го своето име на маската.

## 6 Пример – Упатство

Упатство за составување играчка

1. Извади ги сите делови од киндер јајцето (има пет дела).
2. Види секој дел од шемата каде треба да стои.
3. Намести ги деловите од играчката како што се покажува на цртежот подолу.

## 7 Пример – Реклама

Голем септемвриски попуст на ранци!

Посетете нè секој работен ден од 9 до 19 часот!

## 8 Пример – Реклама

Продавница „Цикло“: „Тука се продаваат најбрзите велосипеди во градот!
Голем избор за сите возрасти!“

## 9 Пример – Реклама

Слаткарница „Кремче“ – Најдобриот сладолед што некогаш сте го пробале!

# ТОЛКУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ МЕДИУМСКИ СОДРЖИНИ

(3 часа)



## Час 1

# Идентификување клучни пораки во медиумските содржини

**Стандард за оценување**

Ученикот/ученичката:

- идентификува клучна порака во текстуални медиумски содржини напишани со букви со различна големина/дебелина и/или во различни бои;
- идентификува клучна порака во медиумски содржини со илустрации според големината, позицијата и бојата на прикажаните објекти.

**Ресурси за часот:**

- работни листови;
- картон, хамер, листови во боја, растеглива хартија и сл.;
- разновиден прибор за пишување и цртање со различна големина и дебелина;
- прибор за боење;
- наставни листови со текстуални медиумски содржини;
- компјутер и ЛЦД-проектор или паметна табла;
- весници;
- детски списанија;
- различни илустрации;
- ножици.

## Воведен дел од часот

**1 Активност**

*Како постерот го привлекува нашето внимание (реализација 5 минути)*

Наставникот покажува постери на кои се прикажани теми соодветни на возраста на децата (постери/плакати од филмови, детски фестивали, еколошки настани, спортски активности, училишни активности и сл.) и со учениците отвора дискусија за нивната содржина:

- На кој, односно на што се однесуваат плакатите?
- Дали има многу или малку информации?
- Каде и како се напишани зборовите?
- Зошто некои зборови се со поголеми букви/бројки, а некои со помали?
- Дали начинот на пишување (ракописот) на одредени зборови се разликува?
- Учениците заклучуваат дека буквите, боите, сликите и другите илустрации на постерите се искористени за да се истакне некоја важна порака што постерот треба да ја пренесе до тие за кои е наменет.

## Главен дел од часот

**1 Активност**

*Определување клучни пораки (реализација 20 минути)*

Учениците, поделени во групи, добиваат по една реченица од некој медиумски текст (како во наведените примери). Секоја група ги обојува зборовите што ги смета за важни во таа реченица. Секоја група треба да ги прочита зборовите и да објасни зошто ги обоиле токму тие зборови како најважни од реченицата што ја читале.

**Пример 1:** На главната улица во градот се организираше **невообичаена трка** во која учествуваа **100 Дедомразовци**.

**Пример 2:** **Здравата исхрана на децата** е многу важна и треба да вклучува **протеини, овошје, зеленчук и житни производи.**

**Пример 3:** Во **Зоолошката градина во Скопје** минатиот месец **се родија десетина младенчиња** од различни видови.

**Пример 4:** **Малите лавчиња во скопската зоолошка градина** ги добија имињата **Луна, Ана и Хана**, според предлозите што ги пратиле најголемиот број граѓани.

# Завршен дел од часот

## 1 Активност

*Пишуваме екопораки (реализација 15 минути)*

Учениците поделени во мали групи добиваат задача да креираат кратки екопораки, кои можат да содржат цртежи, симболи или неколку клучни зборови. Притоа треба да употребуваат различна големина на буквите при пишување на поимите што сакаат да ги истакнат или да ги обојат во различни бои. За оваа активност учениците можат да користат картон, хамер, листови во боја, растеглива хартија и сл.; разновиден прибор за пишување и цртање со различна големина и дебелина; прибор за боење и др.



Учениците ги поставуваат подготвените пораки на различни места во училницата и секоја група ја објаснува пораката пред целата паралелка. Учениците ја коментираат содржината на пораката и начинот/форматот како е истакната и притоа даваат образложение што е клучно што треба да се разбере од неа.

## Рефлексија

- Што научивме на денешниот час?
- Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?

## Час 2

# *Препознавање на дигиталните икони (емотикони, гифови и мимови) во мобилните и во компјутерските апликации*

**Стандард за оценување**

Ученикот/ученичката:

- го препознава значењето на дигиталните икони (емотикони, гифови и мимови) во мобилните и во компјутерските апликации.

**Ресурси за часот:**

- хамер;
- работни листови;
- прибор за цртање и боење;
- хартија во боја;
- фломастери;
- компјутер;
- паметна табла.

## Воведен дел од часот

**1 Активност**

*Како се чувствувам кога... (реализација 10 минути)*

Секој ученик добива работен лист со задача да опише како се чувствува во различни ситуации (Работен лист 1). Наставникот чита една по една реченица, а секој ученик црта емотикон врз основа на емоциите што ги предизвикува кај него.

На крајот од активноста, учениците ги споделуваат своите цртежи и објаснуваат што значи нацртаното.

## Главен дел од часот

**1 Активност**

*Значењето на емотиконите, на гифовите и на мимовите (реализација 15 минути)*

Со видеопрезентација наставникот прикажува примери на дигитални икони (емотикони, гифови и мимови) што се користат во мобилните и во компјутерските апликации. Учениците го објаснуваат значењето на прикажаните дигитални икони и дискутираат каде и за што може да се користат.

Потоа наставникот чита најмногу 3 примери, кои учениците во своите тетратки треба да ги нацртаат со употреба на еден или повеќе емотикони (кои веќе им се познати или, пак, можат да измислат свои). Некои од примерите можат да бидат следните:

- Кога е многу топло, со родителите одиме на море.
- Обожавам да јадам сладолед.
- Среќен роденден мамо, те сакам најмногу на светот!
- Во шумата има многу диви животни.
- Сакам многу подароци од Дедо Мраз.
- Кога сум во природа, сакам да сликам со апарат или со мобилен телефон.

Откако неколку ученици ќе ги претставaт своите описи на секоја од речениците, заедно со наставникот забележуваат дали има разлика меѓу емотиконите што биле искористени да се илустрираат едни исти искази. Заедно со наставникот се заклучува дека секој од нас различно ги разбира и ги доживува работите, поради што може и различно да ги претстави или да ги илустрира.

# Завршен дел од часот

**1** **Активност**

*Една слика, 1 000 зборови (реализација 15 минути)*

Учениците се поделени во групи. Секоја група добива ист список со разновидни емотикони и тема за која ќе ги користат (добро е по две групи да работат на иста тема). Темата може да биде – Да ја чуваме природата, Денот на жената – 8 Март, Нова година и Дедо Мраз и слично, во зависност од периодот во годината кога се реализира часот. Учениците треба да изберат емотикони со кои ќе ја претставaт темата на постер, без да користат текст, при што ги избираат само оние што најмногу им се допаѓаат и сметаат дека се најсоодветни за претставување на темата. Учениците ги сечат емотиконите и изработуваат постер. Секоја група го презентира постерот, а другите групи се обидуваат да „протолкуваат" преку емотиконите за што станува збор на постерот. Потоа, дискутираат дека за да се „прати" иста порака на иста тема, секој може да користи различни слики/емотикони, како што тоа може и да го искаже со различни зборови, на свој начин.

На крајот, наставникот и учениците разговараат дали може добро и соодветно да се разбереме преку комуникација со емотикони. Заедно заклучуваат дека има ситуации кога е соодветно да се користи ваквиот начин на комуникација (кога сакаме нешто брзо да соопштиме или кога комуницираме со другарчињата преку социјални мрежи), меѓутоа комуникацијата со зборови е најјасна.

**Рефлексија**

- Што правевме на денешниот час?
- Како се чувствувавте додека одговаравте на поставените барања?
- Што научивте?
- Како можете наученото да го користите во секојдневниот живот?

## Работен лист 1 – Како се чувствувам кога...

- Среќен/среќна сум кога славам роденден.
- Бев многу тажен/тажна кога се изгуби мачето.
- Едно дете ја скина мрежата на кошот.
- Наставничката ме пофали на часот по математика.
- Едно дете ме турна додека чекав да се напијам вода.
- Ја повредив раката и многу ме боли.
- Навечер се враќам дома сам/сама по темна улица.



**Час 3**

# *Креирање содржини за пренесување медиумска порака*

**Стандард за оценување**

Ученикот/ученичката:

- креира клучни зборови и изрази и избира соодветни илустрации и дигитални икони како основа за упатување медиумска порака.

**Ресурси за часот:**

- ливчиња на кои се напишани една-две реченици за предност на живеење на село;
- листови хартија;
- боици, фломастери, водени бои;
- стикери;
- хамери.

## Воведен дел од часот

**1 Активност**

*Предностите од живеењето на село (реализација 10 минути)*

Наставникот им дели ливчиња на учениците, на секое од нив е напишана по една предност од живеењето на село (чист воздух, домашна храна, близина до природата, близина до домашните животни, слободен простор за играње). Учениците се делат во групи и секоја група влече по едно ливче. Наставникот ги насочува учениците да размислуваат како предноста може да ја претставаат пред други за да привлечат повеќе луѓе да ги посетуваат селата или да живеат на село.

Учениците добиваат задача да направат медиумска содржина со користење илустрации, текстови, снимени изјави од посетители на села, изјави од жители од села и сл., со што ќе привлечат повеќе луѓе во селата.

## Главен дел од часот

**1 Активност**

*Креирање рекламна порака (реализација 25 минути)*

Учениците, поделени во групи, ја работат задачата – реклама за „предноста“ за живеењето на село. Во рамките на групата смислуваат клучни зборови или изрази за креирање рекламна порака за „предноста“ (на пр. „Вкуси ја здравата храна!“, „Игри без граници!“, „Чистиот воздух е само тука – на село!“ итн.). Потоа секоја група смислува соодветни илустрации и избира дигитални икони

**на пример**



и др.

кои ќе ги има на рекламниот постер. Учениците преку цртеж, слика, исечени фотографии итн., преку дигиталните икони и смислената порака го подготвуваат рекламниот постер. На крајот секоја група го презентира сработеното пред целата паралелка, а се договараат како и каде да ги поставаат подготвените постери во училиштето.

# Завршен дел од часот

**1 Активност**

*Реклама – порака со слики и зборови (реализација 5 минути)*

Наставникот отвора дискусија за реклами, што е тоа што ја сочинува рекламата, што е тоа што го привлекува вниманието кога се гледа некоја реклама. Учениците ги изнесуваат своите мислења преку анализирање и толкување на сработените реклами. На крајот, водени од наставникот, учениците заклучуваат дека *клучните зборови* и *илустрациите* се основа за привлекување нечие внимание и упатување некаква порака.

**Рефлексија**

- Што работевме денес?
- Што ви беше најинтересно?
- Што научивме?
- Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?

# КРЕИРАЊЕ МЕДИУМСКИ ПОРАКИ И СОДРЖИНИ

**(2 часа)**



Час 1

*Како да се изберат содржини за да се пренесе некоја порака*

**Стандард за оценување**

Ученикот/ученичката:

- избира медиумски содржини за презентирање поими и разработка на теми.

**Ресурси за часот:**

- картички на кои се напишани називи на некои празници;
- боици, фломастери, водени бои;
- илустрации
- стикери;
- листови хартија;
- хамери.

# Воведен дел од часот

1 **Активност**

*Семејни празници (реализација 10 минути)*

Наставникот разговара со учениците за празниците што се слават во нивната средина. Учениците набројуваат различни видови празнувања и славења, како и начините како меѓусебно се поканувaат на тие настани. Заклучуваат дека често се користат картички/честитки за кaнење на различни пригоди, меѓутоа може да се користат и новите медиуми, како, на пример, покана преку месинџер или порака преку мобилен телефон.

# Главен дел од часот

1 **Активност**

*Подготвување покани (реализација 20 минути)*

Наставникот им дели на учениците картички во различна боја, кои ќе ги користат да подготват покани за присуство на празнување семеен празник. На секоја картичка е напишано името на видот на семејниот празник (роденден, именден, свадба, слава).

Учениците се делат во групи и секоја група влече по една картичка. Наставникот ги насочува учениците да размислуваат кои клучни зборови или изрази, емотикони или соодветни илустрации ја презентираат темата напишана на картичката и да ги искористат на креативен начин за да подготват покана за празникот што е означен на картичката.

Наставникот посочува примери: за прослава на роденден – сликички или илустрации со бројки, со капа, конфети; за прослава на Нова година – сликички од Дедо Мраз, елка, еленчиња, подароци итн.; за свадба се користат слики или илустрации од свадбена торта, гулаби итн. Откако ќе завршат со работа, учениците ги претставуваат своите изработки и го објаснуваат значењето на сликите и на илустрациите што ги употребиле.

# Завршен дел од часот

## 1 Активност

*Прославуваме заедно (реализација 10 минути)*

Наставникот ги поттикнува учениците на дискусија во врска со реализираната активност во главниот дел од часот со користење на следните прашања:

- Кои зборови ги користевте за да напишете порака/содржина на картичката?
- Кои информации мора да ги содржи поканата за прослава?
- Какви илустрации/фотографии/сликички користевте за содржината на летокот/постерот/брошурата?
- Како ги избиравте?
- На што ги изработивте вашите продукти? Зошто се одлучивте да работите така?
- Што мислите, ако не избереме вистински сликички и вистински зборови, дали може погрешно да нѐ разберат?
- Што е најважно кога се креира порака (на картичка, на постер, во брошура...)? Зошто е потребно да изберете соодветна комбинација зборови, илустрации, симболи и сл.

Учениците заедно со наставникот констатираат дека соодветниот избор на слики, зборови и други содржини е многу важен за да ја пренесат пораката на разбирлив начин.

**Забелешка:**

*Предвидените активности целосно би се реализирале во времетраење од два наставни часа. Оваа содржина може да се интегрира и со предметите Ликовно образование и Општество.*

## Рефлексија

- Што работевме на денешниот час?
- Што ви беше најинтересно?
- Што научивме?
- Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?

Час 2

*Креирање медиумски пораки*

**Стандард за оценување**

Ученикот/ученичката:

- избира медиумски содржини за презентирање поими и разработка на теми;
- составува куса медиумска порака во вид реклама, упатство и информирање.

**Ресурси за часот:**

- исечоци од медиумски содржини;
- боици, фломастери, водени бои;
- илустрации
- стикери;
- листови хартија;
- хамери.

# Воведен дел од часот

**1 Активност**

*Асоцијации (реализација 10 минути)*

*Учениците добиваат неколку клучни зборови што се дел од нивното секојдневие и кажуваат зборови што ги асоцираат на дадениот збор. На пример, за поимот мастика/гума за џвакање, можат да ги предложат следните асоцијации: лута, од лубеница, без вкус, балончиња; за поимот сок можни асоцијации можат да бидат – портокал, газиран, цеден сок, освежителен, ладен итн.*

# Главен дел од часот

**1 Активност**

*Правиме реклама, упатство и информација (реализација 20 минути)*

Учениците се поделени во групи. Секоја група добива задача да направи реклама или да осмисли упатство или информација за некој настан (во неколку реченици). Групата што треба да направи реклама, треба да смисли соодветни зборови за омилените гуми за џвакање, сокче, кроасан и слично. Групата што е задолжена за упатство, треба да смисли чекори како да се направи лепеза од хартија. Третата група добива задача во неколку реченици да осмисли известување за родителите за родителска средба што би се одржала наредната недела.

По завршувањето на активностите, групите ги објаснуваат своите медиумски содржини.

# Завршен дел од часот

**1** **Активност**

*Клучен збор во медиумските пораки (реализација 10 минути)*

Наставникот ја дели таблата на три колони (може да се користи флипчарт или хамер што на крајот на активноста ќе се закачи на видно место во училницата) и во секоја пишува по еден клучен збор што се однесува на една од медиумските пораки што учениците треба да ги претстават – известување, реклама или упатство. По еден претставник од секоја група, треба да напише најмногу три клучни збора или поими/изрази/датуми што најдобро ја претставуваат пораката што сакаат да ја пренесат или да го претстави процесот преку илустрација/цртеж. Учениците што работеа на реклама – треба да нацртаат или да напишат на таблата интересна илустрација, која се однесува на производот што го претставуваат (на пример, мастика, сок); учениците што подготвуваат упатство за користење некој уред/предмет, треба да напишат три клучни чекори како таа да се направи (на пример, за подготовка на сок: 1. Земаме соковник; 2. Ставаме портокал во него; 3. Стискаме на копчето СТАРТ); учениците што треба да подготват известување, можат да го напишат датумот и часот кога треба да се случи некоја најавена активност или настан.



**Рефлексија**

- Што работевме на денешниот час?
- Што ви беше најинтересно?
- Што научивме?
- Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?